## *Висина на стапка на казнена и договорна камата од 01.01. - 31.12.2024 година*

| Видови договори | | Законска казнена камата во % | | Договорна казнена камата во % | | Договорна камата во % | | Кога не е определена стапката % | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | за обврски во денари | за обврски во девизи | за обврски во денари | за обврски во девизи | за обврски во денари | за обврски во девизи | за обврски во денари | за обврски во девизи |
| • трговски договори и договори помеѓу трговци и лица на јавно право | 01.01-30.06 | 16.3 | 13.845 | 24.45 | 20.7675 | 24.45 | 20.7675 | 8.15 | 6.9225 |
| | 01.07-31.12 | 16.3 | 13.632 | 24.45 | 20.448 | 24.45 | 20.448 | 8.15 | 6.816 |
| • договори во кои барем едното лице не е трговец односно е физичко лице | 01.01-30.06 | 14.3 | 11.845 | | | 14.3 | 11.845 | 4.767 | 3.948 |
| | 01.07-31.12 | 14.3 | 11.632 | | | 14.3 | 11.632 | 4.767 | 3.877 |
| • други видови облигациони односи (причинување штета, работодавство без налог, стекнување без основ, еднострани изјави на волја и други облигациони односи утврдени со посебни закони, како на пр. издршката) | 01.01-30.06 | 14.3 | 11.845 | | | | | | |
| | 01.07-31.12 | 14.3 | 11.632 | | | | | | |

**Забелешка:** Како лица на јавното право се сметаат лицата кои се обврзани да постапуваат според постапката за јавни набавки, освен трговците.

## ЗАКОНСКА КАЗНЕНА КАМАТА

Согласно **член 266-а** од Законот за облигациони односи (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 18/01...123/13), законската казнена камата се утврдува кога референтната стапка што ја објавува Народна банка на РСМ на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие, ќе се зголеми за **10 процентни поени** во трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право, односно зголемена за **8 процентни поени** во договорите во кои барем едното лице не е трговец (за граѓани).

Согласно објавата на НБРСМ референтната стапка за пресметување на казнена камата изнесува:

- **од 01.01.2024 до 30.06.2024 година 6,30%** (соопштение од 28.12.2023 година),
- **од 01.07.2024 до 31.12.2024 година 6,30%** (соопштение од 17.06.2024 година).

Кога паричната обврска е изразена или определена во странска валута, казнената камата се определува за секое полугодие во висина на едно-**месечната стапка на Еурибор за евра** што важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие, **зголемена за 10 процентни поени** во трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право, **односно зголемена за 8 процентни поени** во договорите во кои барем едното лице не е трговец (за граѓани).

**Стапката на Еурибор на 29.12.2023 год. е 3,845%, а на 28.06.2024 г. изнесува 3,632 %.**

## ДОГОВОРНА КАЗНЕНА КАМАТА

Во трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право може да се договори и повисока стапка од стапката на законската казнена камата што важела на денот на склучување на договорот, но **максимум до 50% повисока од утврдената законска казнена камата.**

## ДОГОВОРНА КАМАТА

Според **член 388** од Законот за облигациони односи, договорната камата во трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право се определува договорно, но не повисока од стапката на законската казнена камата од член 266-а зголемена максимум за 50%. Договорната камата во договорите меѓу лица од кои барем едното не е трговец, не може да биде повисока од стапката на законската казнена камата за соодветната валута што важела на денот на склучувањето на договорот, односно на денот на промената на каматната стапка, ако е договорена променлива каматна стапка.

## КОГА НЕ Е ОПРЕДЕЛЕНА СТАПКАТА

**Ако плаќањето на камата е договорено, а не е определена нејзината стапка**, во договорите меѓу лицата од кои барем едното не е трговец се применува каматна стапка во висина **од 1/3 од стапката на законската казнена камата** за соодветната валута, а во трговските договори или договорите меѓу трговци и лицата на јавното право се применува каматна стапка во висина **од 1/2 од стапката на законската казнена камата,** за соодветната валута.